**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk*

Уп. бр.08-66

**Комисијата за заштита на конкуренцијата** врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11 и 41/14), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднсено од **Кнауф Аквапанел ГмбХ** (Knauf Aquapanel GmbH) со седиште на Киперштрасе 19, 44147, Дортмунд, Германија (Kipperstrasse 19, 44147 Dortmund, Germany), преку полномошник, Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седница одржана на ден 25.11.2015 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **Кнауф Аквапанел ГмбХ** (Knauf Aquapanel GmbH) со седиште на Киперштрасе 19, 44147, Дортмунд, Германија (Kipperstrasse 19, 44147 Dortmund, Germany), има намера да стекне контрола врз **Кнауф/УСГ Free Верваолтунгс ГмбХ**, (Knauf/USG Verwaltungs GmbH) со седиште на Цур Хеле 11, Изерлон, 58638, Германија (Zur Helle 11, Iserlohn, 58638 Germany )а со тоа и врз **Кнауф/УСГ Системс ГмбХ и Ко КГ** (Knauf USG Systems GmbH & Co KG) со седиште на Цур Хеле 11, Изерлон, 58638, Германија (Zur Helle 11, Iserlohn, 58638 Germany), по пат на купопродажба на удели ако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот зазаштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износод 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

## Образложение

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (вопонатамошниот текст: Комисијата) на ден 29.10.2015 година, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), преку полномошник, Адвокатско друштво Поленак од Скопје **Кнауф Аквапанел ГмбХ**, Германија поднесе известување за концентрација со која **Кнауф Аквапанел ГмбХ**, Германија ќе стекне контрола над **Кнауф/УСГ Верваолтунгс ГмбХ**, Германија,а со тоа и врз **Кнауф/УСГ Системс ГмбХ и Ко КГ**, Германија, по пат на купопродажба на удели.

**Деловни активности на учесниците во концентрацијата**:

1.1 **Кнауф Аквапанел ГмбХ** (Knauf Aquapanel GmbH) со седиште на Киперштрасе 19, 44147, Дортмунд, Германија (Kipperstrasse 19, 44147 Dortmund, Germany)е дел од Кнауф Групацијата. Кнауф Групацијата е светски производител на градежни материјали и градежни системи. Во суштина, портфолиото на производи опфаќа градежни материјали за сува градба, производи од перлит, сув малтер на цементна база, како и материјали за изолација. Во поглед на цементните плочи, деловните активности на Кнауф главно се вршат преку Кнауф Аквапанел ГмбХ.

**Друштво за производство, трговија и услуги КНАУФ ДООЕЛ Скопје** ул.”Александар Македонски” бб, Скопје, Република Македонија, со предмет на работење: Трговија на големо со градежни материјали како што се материјали за сува градба, малтер и профили.
Кнауф ДООЕЛ Скопје е зависно друштво во 100% сопственост на Кнауф Геселшафт м.б.Х. Австрија, и е индиректно поврзано лице со Гебрудер Кнауф Вервалтунгсгеселшафт мбХ, Германија.

**Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ РАДИКА АД Дебар,** ул.”8 ми Септември” бб, Дебар, Република Македонија, со предмет на работење: Производство на гипсени производи за цели на градење.
Кнауф Радика е зависно друштво во 100% сопственост на Кнауф Геселшафт м.б.Х. Австрија и со тоа е индиректно поврзано лице на Гебрудер Кнауф Вервалтунгсгеселшафт мбХ, Германија.

1.2 **Кнауф/УСГ Системс ГмбХ и Ко КГ** (Knauf USG Systems GmbH & Co KG) со седиште на Цур Хеле 11, Изерлон, 58638, Германија (Zur Helle 11, Iserlohn, 58638 Germany) е водечки снабдувач на системи за цементни плочи во Европа и е заедничко вложување на Кнауф и УСГ, и двата добро познати снабдувачи на системи и градежни материјали на светско ниво. Кнауф УСГ/Системс ГмбХ и Ко КГ произведува цементни плочи за различни области на примена под трговската марка Aquapanel®. Aquapanel цементните плочи се употребуваат како плочи со гипсена база, покривни плочи, плафонски конструкции и како плочи за под.

1.3 **Кнауф/УСГ Вервалтунгс ГмбХ** (Knauf/USG Verwaltungs GmbH) со седиште на Цур Хеле 11, Изерлон, 58638, Германија (Zur Helle 11, Iserlohn, 58638 Germany ) е друштo со ограничена одговорност основано согласно законите на Германија и единствена цел на истото е да биде комплементар во Кнауф УСГ Системс ГмбХ и Ко КГ.

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 7 (б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при

*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласночлен 19 став (1) точка 2) одЗаконот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**